**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: 25 март 2025 година
Архивски број: 50-3358/3
До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 25 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и<br><br>д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт |
| ПОВЕРЕНИК: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт |

Предлог на закон за
изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници
во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај,
по скратена постапка

Скопје, април 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи во предвид последните трагични случувања во еден објект, односно дека истиот бил изграден за една категорија и не се направило негова пренамена за вршење на друга дејност, а со тоа и не се приспособил истиот за соодветната неговата намена, се има за цел вршење на почести контроли на сите иматели на лиценци, дозволи и одобренија односно овластувања. Имено согласно досегашните законски решенија Министерството за транспорт врши редовна контрола на иматели на издадени овластувања и јавни овластувања согласно овој закон, со цел дали истите постојано ги исполнуваат условите потребни за стекнување на тие овластувања односно јавни овластувања, меѓутоа истото се врши на ад хок субјекти согласно претходно утврден план имајќи во предвид дека се издаваат многу лиценци, одобренија, дозволи или овластувања од страна на Министерството. Затоа се има за цел да се предвиди законска обврска двапати годишно да се врши таа проверка на сите иматели на овластувања и јавни овластувања издадени согласно овој Закон. Тоа секако не ја исклучува можноста да се вршат повеќе контроли односно почести од предвидените со закон, се со цел обезбедување на квалитетни услуги и сигурноста на граѓаните кои се корисници на тие услуги од лицата иматели на овластувања и јавни овластувања.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај е воведување на зачестена контрола по службена должност на сите иматели на овластувања или јавни овластувања издадени согласно Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај не предизвикува дополнителни финаниски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/24) во член 29 ставот (3) се менува и гласи:
„Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“

Член 2

Во член 30 ставот (1) се менува и гласи:
„ Министерството за транспорт по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно на сите овластувања со кои се стекнале работилниците, дали ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадено овластувањето како и на евиденцијата која работилниците се должни да ја водат. “.

Член 3

Во член 41 во ставот (2) се додава нова втора реченица која гласи:
„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 4

Во членот 42 ставот (2) се менува и гласи:
„ Министерството за транспорт по службена должност врши редовна контрола, а најмалку двапати годишно на сите јавни овластувања со кои се стекнале издавачите на картички, дали ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадено јавното овластување и дали ги изршуваат своите должности согласно овој закон.“

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај е систематизиран во 5 члена.

Со членот 1 се прави измена на членот 29 од Законот односно наместо само управен спор пред Управен суд, се воведува правото на жалба против решението за одземање на овластувањето, која не го одлага извршувањето во ситуација кога при извршена контрола и по предлог на овластено лице за надзор, се одзема овластувањето на работилницата со решение.

Со членот 2 од Предлогот на закон се прави измена на ставот 1 од член 30 од Законот во смисла наместо еднаш годишно, по службена должност да се врши редовна проверка односно контрола двапати годишно, дали работилниците ги исполнуваат условите за издавање на тоа овластување.

Со членот 3 во членот 41 од Законот се прецизира дека жалбата против донесеното решение за одземање на јавното овластување не го одлага извршувањето.

Со членот 4 се прави измена на ставот 2 од член 42 од Законот во смисла на прецизирање дека при вршење на надзорот, по службена должност да се врши редовна проверка односно контрола двапати годишно, дали издавачот на мемориски картички кој е носител на јавно овластување ги исполнува условите за издавање на тоа јавно овластување.

Со членот 5 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој предлог на закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија пред се ќе се овозможи правна сигурност на граѓаните, како и ќе се поттикнат имателите на овластувања, односно јавни овластувања постојано да ги исполнуваат условите за стекнување со овластување или јавно овластување согласно овој закон, со оглед дека контролите ќе се вршат најмалку двапати годишно.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Одземање на овластувањето

Член 29

(1) Министерството за транспорт при извршена контрола од членот 30 став (1) и по предлог на овластено лица за надзор од членот 30 став (2) од овој закон со решение го одзема овластувањето на работилницата, доколку утврди дека:

- работилницата повеќе не ги исполнува условите од членот 28 став (2) од овој закон,
- работилницата или нејзините вработени не ги почитуваат одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон,
- работилницата дала лажни изјави, податоци или документи во постапката на издавање на овластувањето, односно при контрола на условите за добивање на овластувањето,
- ако со работата на работилницата се доведува во прашање квалитетот на извршените услуги (подесување на калибрациските параметри или уреди во возилата кои би можеле да влијаат на погрешно мерење на часовите на возачите во возилата или лажна калибрација),
- работилницата извршила прилагодувања на заштитните елементи на тахографот,
- раководителот на работилницата не поднел барање за продолжување на важноста на овластувањето согласно со членот 25 став (12) од овој закон и
- раководителот на работилницата не го извести Министерството за транспорт согласно со членот 25 став (13) од овој закон.

(2) Со решението за одземање на овластувањето на работилницата и се наложува во рок од три дена од приемот на решението за одземање на овластувањето, во Министерството за транспорт да ги предаде сите работилнички картички, средствата за пломбирање, целата документација и евиденција, кои во согласност со овој закон и врз основа на подзаконските акти е должна да ги води.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да покрене управен спор пред Управниот суд на Република Северна Македонија.

Надзор над работилници

Член 30

(1) Контрола над исполнување на условите за добивање на овластување и на евиденцијата која работилниците се должни да ја водат врши Министерството за транспорт, најмалку еднаш годишно.

(2) Надзор над работењето на работилниците врши Државниот инспектор за транспорт преку државни инспектори за патен сообраќај (во натамошниот текст: инспектори).

(3) При вршењето на надзорот од ставот (2) на овој член инспекторите проверуваат дали работата на работилницата е во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Доколку со контролата извршена од страна на инспекторите се утврди дека тахографот не работи исправно, инспекторите се должни да извршат надзор во работилницата во која е извршена последната контрола или е извршена некоја друга операција врз тахографот.

(5) Доколку при контрола извршен од страна на инспекторите се утврдат неправилности во работењето на работилницата, а кои можат да го загрозат безбедното функционирање на тахографот, инспекторите ќе му наредат на раководителот на работилницата веднаш да забрани пристап на вработените до работилничките картички.

(6) Доколку раководителот на работилницата не постапи во согласност со одредбите на ставот (5) на овој член, Министерството за транспорт на предлог од Државниот инспекторат за транспорт, на работилницата ќе и го одземе овластувањето.
Одземање на овластување

Член 41

(1) Министерот за транспорт со решение ќе го одземе јавното овластување на издавачот на картички, доколку:

- издавачот на картичките не ги исполнува условите од членот 37 од овој закон,
- издавачот на картичките, односно негов вработен при вршењето на овластувањето ги прекршил одредбите на овој закон и врз основа на него донесените подзаконски акти,
- издавачот на картичките давал лажни изјави, податоци или документи во понудата, односно при контрола на условите од членот 37 од овој закон,
- издавачот на картички не овозможува или спречува вршење на надзор согласно со членот 40 од овој закон,
- издавачот на картички наплаќа повисоки цени за издавање на мемориски картички и други услуги во спротивно со одредбите од членот 43 од овој закон и
- поднесе барање за престанок на јавното овластување, но не пред пет години од почетокот на овластувањето.

(2) Против решението за одземање на овластувањето од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(3) Во решението за одземање на јавното овластување министерот за транспорт ќе го утврди рокот за престанок на вршење на работите од јавното овластување, односно рокот во кој тој ќе може да продолжи да ги врши работите од јавното овластување до изборот на нов издавач на картички.

(4) Во решението за одземање на јавното овластување министерот за транспорт ќе му наложи на издавачот на картички на новиот издавач на картички да му ја предаде во електронска и во печатена форма целокупната документација и евиденција која согласно со овој закон бил должен да ја поседува и да ја води, а што се однесува на извршување на работите за издавање на картичките.

(5) Одредбата од ставот (4) на овој член се применува и во случај на престанување на јавното овластување поради истекот на рокот за кој е дадено.

Надзор

Член 42

(1) Надзор над работата на издавачот на картички врши Министерството за транспорт.

(2) При вршење на надзорот Министерството за транспорт утврдува дали издавачот на картички и понатаму ги исполнува пропишаните услови за издавање на мемориски картички и дали ги извршува своите должности согласно со овој закон.

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА**

| | | |
|---|---|---|
| **1. Правен пропис** | | |
| 1.1. Назив на прописот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај<br><br>Draft-law Amending the Law on the working time of mobile workers in road traffic and recording devices in road traffic | | |
| 1.2. Предлагач | | |
| Министерство за транспорт | | |
| 1.3. ЕПП број | | |
| Овој предлог закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку во истиот се вршат соодветни изменувања и дополнувања коишто се од национален карактер, а Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај е усогласен со правото на ЕУ согласно Изјавата за усогласеност со овој Закон, со ЕПП број 2018.0200.7521 | | |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Усогласеност на предлог прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји - членки** | | |
| 2.1. Одредба од Спогодбата што се однесува на нормативната содржина на прописот | | |
| | | |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата<br>☐ Да ☐ Не | | |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските што произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата | | |
| | | |

| | |
|---|---|
| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** | |
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ | |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ | |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото | |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ | |
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија | |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог) | |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** | | |
|---|---|---|
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☐ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор:<br><br>Доколку извор на преводот не е Секретаријатот за европски прашања, преводот задолжително треба да се достави до Секретаријатот за европски прашања. | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик? | | |
| ☐ ДА | ☐ НЕ | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот | | |

| **5. Стручна помош и мислење (Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)** |
|---|
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |

| **Раководител на надлежниот сектор** | |
|---|---|
| Име и презиме: | Сашко Едровски |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор |
| Потпис: | |
| Датум: 1.04.2025 | |
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | Стефан Волкановски<br>Државен секретар |
| Потпис: | |
| Датум: 1.04.2025 | |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | Александар Николоски<br>Министер за транспорт |
| Потпис: | |
| Датум: 1.04.2025 | |